„Раде Кончар - Апаратна техника“ А.Д.
Бр. 0201-315
12-05-2000 год.
СКОПЈЕ

*А.Д. Раде Кончар – Апаратна техника Скопје*

# Д Е Л О В Н И К

**ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА**
**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
**СКОПЈЕ**

Врз снова на член13 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-апаратна техника-Скопје,Собранието на АД Раде Кончар-апаратна техника-Скопје на својата седница одржана на ден 26.04.1997 година го донесе а на седницата одржана на ден 29.05.1999 година ги усвои измените и дополнувањата на овој

# ДЕЛОВНИК

за работа на Собранието на АД Раде Кончар-апаратна техника-Скопје
**(пречистен текст)**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

член1

Со овој Деловник, а во соглсност со Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-апаратна техника-Скопје се уредува начинот на работа и одлучувањето во Собранието на Акционерското друштво.

член2

Одредбите на овој Деловник за работа на Собранието и за одржувањето на редот на седницата се однесуваат на сите лица кои учествуваат во работата на собранието.

## 2. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА АКЦИОНЕРОТ И НА ЗАСТАПНИКОТ НА АКЦИОНЕРОТ ВО СОБРАНИЕТО

член3

Акционерот кој има управувачки акции има право да присуствува на Собранието, право да учествува во расправата по точките од дневниот ред и право на гласање.

Секој акционер - имател на управувачки акции може да ополномошти друго лице кое ќе го застапува во Собранието и за што треба да поседува писмено полномошно заверено во суд, или нотар.

Акционерот - застапникот ги доставуваат заверените полномошна во правната служба на АД најдоцна три дена пред определениот ден за одржување на Собранието.

член 4

Акционерот-застапникот има право:

- да поднесува предлози на акти од делокругот на работа на Собранието;
- сам или заедно со одреден број на акционери во Собранието да предлага избор на претседател и заменик на претседател на собранието согласно член 9 од овој Деловник;
- да предлага дополнување - проширување на дневниот ред согласно член15 од овој Деловник;
- слободно и непречено да ги изложува и образложува своите мислења и ставови во врска
- со точките од дневниот ред на седницата.

член 5

Секој акционер , односно застапник може на Собранието да бара иззвестување за сосојбата на Друштвото ако таквото известување е во врска со то чките од дневниот ред
на Собранието.

Известувањето може да се ускрати само ако интересот на Друштвото или јавниот интерес се позначајни од интересот на акционерот кој бара иззвестување.

член 6

Должноста на акционерот - застапникот е:

- да ги штити интересите на Друштвото и да ја чува деловната тајна на Друштвото;
- да прибавува ставови, мислења и предлози од акционерите што ги претставувал по однос на прашањата и темите по кои расправа Собранието;
- да ги информира акционерите што ги претставува за работата на Собранието и донесе-
- ните Одлуки;
- да се придржува кон пропишаниот ред за работа на Собранието.

## 3. УЧЕСТВО НА ДРУГИ ЛИЦА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

член 7

На седницата на Собранието можат да бидат присутни членови на Надзорниот одбор, членови на Управниот одбор, ревизори на годишна сметка и поканети стру;ни лица и гости..

## 4. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

член 8

Со Собранието претседава и го раководи Претседателот на Собранието, а во неово отсуство заменикот претседател на Собранието.

член 9

Претседателот и заменик претседателот на Собранието се избираат на седница на Собранието со најмалку 51% од присутните, односно претставените гласови на Собранието, а на предлог на акционери или нивни застапници чиј што вкупен број на гласови е 10% од претставените гласови.

Избор от се врши со јавно гласање и со мандат од 4 години.

член10

Ако кандидатите што се предложени во првото гласање не добијат потребен број на гласови, гласањето се повторува.

Во повторното гласање учествуваат двајцата кандидати кои добиле најголем број на гласови, во првото гласање.

Ако при повторното гласање ниеден кандидат не го добие повторниот број на гласови , тогаш се повторува постапката за избор на претседател со предлагање на нови кандидати.

член 11

Претседателот на Собранието го претставува Собранието пред трети лица, во согласност со овој Статутот и Закон.

Претседателот на Собранието за својата работа е одговорен пред Собранието.

член 12

Претседателот на Собранието ги врши особено следните работи:

- раководи со седницата на Собранието;
- се грижи за примена на одредбите од овој Деловник;
- се грижи за остварување на правата и должностите на акционерите во Собранието;
- се грижи за обезбедување на јавност во работата на Собранието, освен кога таа е исклучена
- ги потпишува одлуките, заклучоците, другите општи акти и записникот од седницата на Собранието што ги донесува Собранието;
- се грижи за уредно водење и навремено изготвување на записникот од седницата;

- се грижи за правилно спроведување на донесените акти од Собранието;
- врши и други работи согласно Статутот и овој Деловник.

## 5. ПРИПРЕМА И ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

член 13

Собранието го свикува Управниот одбор на АД, или Надзорниот одбор на АД во согласност со Статутот.

член14

Собранието мора да се свика најдоцна три месеца по изработката на завршната сметка на Друштвото.

До колку Управниот одбор не го свика Собранието за завршната сметка, Собранието без одлагање го свикува Надзорниот одбор.

член 15

Акционери кои имаат сопственост од најмалку 10% од основната главнина на Друштвото, во рок од 7 дена од испраќањето на поканата, односно повикот за одржување на Собранието, мораат да достават писмен предлог до Друштвото за дополнување на дневниот ред на Собранието со една или повеќе точки. Барањето се испраќа до сите акционери, односно се објавува на ист начин како што е свикано Собранието.

За иницијативата на акционерите за испраќање на предлогот за спротивставување на некоја точка од дневниот ред против предлогот се постапува согласно Законот.

## 6. ПОЧЕТОК НА СЕДНИЦАТА И УТВРДУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД

член 16

Со седницата на Собранието раководи Претседателот, а во негово отсуство заменик претседателот на Собранието.

Во отсуство и на Претседателот и заменик претседателот на Собранието, со седницата раководи акционер или застапник избран од акционерите, односно застапниците во Собранието на начин како се именува и претседател на Собранието и кое ги има исите права и должности како Претседателот на Собранието.

член17

На почетокот на Собранието се составува список на присутни акционери, односно застапници со право на управување, во кој се наведува;

- името, фирмата и адресата, односно седиштето на акционерот или на застапникот;
- бројот на акциите; и
- бројот на гласовите кои припаѓаат на секој учесник во работата на Собранието.

Списокот го изготвува Комисијата за акции на АД.

Списокот го потпишува Претседателот на Собранието и записничарот.

Списокот се доставува на увид на у;есниците на Собранието пред првото гласање и секој акционер, односно застапник може да побара да му се даде копие од списокот.

член18

Претседателот ја отвара седницата на Собранието и утврдува дали има кворум за работа.

Кога ќе утврди дека постои кворум, Претседателот објавува дека Собранието може да отпочне со работа.

член 19

Гласањето на Собранието го одредува Претседателот на Собранието во согласност со Закон.

член 20

Со утврдување на кворум и дневен ред за работата на Собранието, се пристапува со разгледување на записникот од претходната седница

Секој претставник во Собранието може да стави забелешки на записникот.

За усвоените забелешки од Собранието, се прави продолжение на записникот од претходната седница.

член 21

Собранието може да расправа и одлучува само за прашања од дневниот ред.

Собранието може да расправа но не и да одлучува за прашања кои не се ставени на дневен ред, ако расправата по тие прашања е од особен интерес на Друштвото.

## 7. ОДЛУЧУВАЊЕ ВО СОБРАНИЕТО

член 22

На Собранието се одлучува со гласање.

Право на гласање имаат сопсвеници на акции или нивни застапници со уредно доставено полномошно.

Секој акционер или ополномоштено лице гласа со број на гласови сразмерно на акциите кои ги има или на акциите за кои е ополномоштен.

Гласањето се врши со ЗА, ПРОТИВ и ВОЗДРЖАН.

член 23

По завршување на гласањето,претседателот ги утврдува резултатите од гласањето.

Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на бројот на гласовите дадени ЗА, ПРОТИВ и бројот на акции што се ВОЗДРЖАЛЕ од гласање.

По завршеното гласање, Претседателот ја прогласува одлуката за донесена или недонесена.

член 24

Одлуките кои ќе ги донесе Собранието влегуваат во сила најрано на денот кога се донесени или како што ќе биде наведено во донесените одлуки.

Одлуките кои согласно Законот се запишуваат во трговскиот регистар, велегуваат во сила од денот кога се запишани во трговскиот регистар.

Одлуките со кои се менува својството на акции од друг вид ќе стапуваат во сила во согласност со Законот.

## 8. ОДРЖУВАВЊЕ РЕД НА СЕДНИЦАТА

член 25

Акционерите - застапниците во Собранието се должни да го почитуваат редот на седницата, во согласност со одредбите на овој Деловник.

Претседателот се грижи за одржување на редот на работењето во Собранието.

член 26

За непридржување на редот претседателот на Собранието може да ги изрече следните мерки:

- опомена;
- одземање на збор; и
- отстранување од седница.

За непридржување на редот на Собранието ќе се смета и дискусија на акционер или застапник на акционер кој дискутира за точки кои не се на дневен ред на Собранието.

член27

Опомената се изрекува на присутен акционер или застапник кој со своето однесување или со говор, го нарушува редот на седницата или ги навредува присутните лица.
Опомената ја изрекува Претседателот.

член 28

Оземање на збор се изрекува на присутен акционер - застапник кој веќе еднаш бил опоменат, а повторно го нарушува редот.
Одземање на збор изрекува Претседателот.

член 29

Отстранување од седницата се изрекува на акционер или застапник кој ги навредува Претседателот или другите во Собранието и кој продолжува да зборува иако Претседателот му го одзел правото на збор.
Отстранувањето го изрекува Претседателот на Собранието.

член 30

Акционерот - застапникот или присутното лице на кое му е изречена мерка отстранување од седница, должен е веднаш да ја напушти просторијата каде што се одржува седницата на Собранието и не смее да се врати во истата до заклучување на истата.

## 9. ОДЛАГАЊЕ , ПРЕКИНУВАЊЕ И ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

член 31

Закажаната седница на Собранието се одлага кога ќе настапат причини кои оневозможуваат одржување на седница во закажаното време.
Седницата на Собранието се одлага и кога после отваарањето на седницата ќе се утврди дека не е присутен доволен број на претставници за полноважно одлучување согласно
чл 26 од овој Деловник.
Седницата ја одлага Претседателот.

член 32

Седницата на Собранието се прекинува:

- заради одмор во текот на седницата;
- кога во текот на седницата, некои од присутните акционери или застапници ја напуштиле седницата па бројот е таков што нема можност за полноважно одлучување.
- кога заради подолго траење не може да заврши во планираното време;
- кога ќе дојде до поголеми нарушувања на редот на седницата, а Претседателот не е во состојба со мерките предвидени со овој Деловник да воспостави ред;
- ако за одлу;увањето по одредено прашање од дневниот ред е потребно дополнително прибавување на мислења од Надзорниот одбор и Управниот одбор.

Седницата ја прекинува Претседателот.

член33

Прекинатата седница се продолжува најдоцна во рок од три дена од денот на прекинувањето на седницата.

Продолжувањето на седницата го закажува Претседателот на Собранието на самата седница која е прекината без јавно објавување.

член 34

По завршувањето на расправата и одлучувањето по сите точки од дневниот ред, Претседателот утврдува дека седницата е заклучена.

**10. ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА**

член 35

За работа на Собранието се води записник.

член 36

Записникот од работата на Собранието содржи податоци за:

1. фирмата и седиштето на Друштвото.
2. времето и местото на одржување на Собранието.
3. Името на Претседателот на Собранието, името на записничарот и името на бројачите на гласови.
4. Утврдување на кворум за работа на Собранието.
5. Значајни настани во Собранието и поднесените предлози.
6. Одлуките и бројот на гласовите ЗА , ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ за секоја одлука.
7. Оградување на акционер или член на орган од некоја одлука.
8. Друго од интерес за работата на Собранието.
9.

член 37

Записникот за работата на Собранието го потпишуваат Претседателот на Собранието записни;арот и акционер присутен на Собранието и избран од собранието.

член 38

Записникот се составува најдоцна во рок од 10 дена од денот на одржувањето на Собранието и заедно со сите прилози се чува најмалку 10 години.

**11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

член 39

Деловнкот го донесува Собранието на Друштвото, на предлог на Управниот одбор на Друштвото.

Измените и дополнувањата на Деловникот се вршат по постапка за негово донесување.

член 40

Со денот на усвојувањето на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на АД бр.03-6889 донесен од Собранието на АД од 21.06.1994 година.

член 41

Овој Деловник стапува во сила веднаш по неговото донесување.

СОБРАНИЕ НА АД

Претседател ,